Заедничко јавно претпријатие-Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство
СТАЦИОНАР - ШЕПА
Бр. 04 - 155/1
1. 7 2026 год.
КАВАДАРЦИ

Врз основа на член 37 – и од Законот за јавните претпријатија (Сл.Весник на Р.М. бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Сл. весник на Р.С.М." бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) , член 20-г став (1) и член 22 став (1) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Сл.Весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/2018 и "Сл.Весник на РСМ" бр. 143/19, 14/20 и 208/24) како и член 22 став (1) точка 1 и член 23 од Законот за работни односи („Сл. весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 149/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Сл. весник на Р. С. М." број 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), а согласно Правилникот бр. 02-4/18 од 25.09.2024 година за систематизација на работни места во ЗЈП СТАЦИОНАР -ШЕПА Кавадарци, ВД Директорот на ЗЈП СТАЦИОНАР - ШЕПА Кавадарци , објавува

# ЈАВЕН ОГЛАС

## За вработување на извршители во Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР - ШЕПА Кавадарци

Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР - ШЕПА Кавадарци има потреба од вработување на 12 **(дванаесет) извршители на определено работно време за период од 12 (дванаесет) месеци**, за следните работни места:

1. **Самостоен референт- Архивар**, со шифра КДР 01 02 Г01 040, во Одделение за административни работи (административно одделение),.....................................(1) извршител;
2. **Ветеринар**, со шифра КДР 03 05 Б01 102, во Одделение Третман на животни скитници,.....................................(1) извршител;
3. **Ветеринарен техничар**, со шифра КДР 03 05 Б04 200, во Одделение Третман на животни скитници,.....................................(2) извршители;
4. **Работник за третман на бездомни кучиња ( негувател)**, со шифра КДР 03 05 В02 026, во Одделение Третман на животни скитници,.....................................(3) извршители;
5. **Возач-уловувач**, со шифра КДР 03 05 Б04 081, во Одделение Третман на животни скитници,,.....................................(1) извршител;
6. **Работник-уловувач**, со шифра КДР 03 05 В01 024, во Одделение Третман на животни скитници,,.....................................(1) извршител,
7. **Безбедносен работник,** со шифра КДР 04 02 А01 007, во Одделение за административни работи (административно одделение),.....................................(2) извршители;
8. **Помлад соработник за административно работење**, со шифра КДР 01 02 В04 004, во Одделение за административни работи (административно одделение),.....................................(1) извршител.

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните општи услови :

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има здравствено и психофизички способности, утврдено од овластена здравствена установа;
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Покрај општите услови, кандидатите пријавени за работните места треба да ги исполнуваат и следните посебни услови:

Посебни услови предвидени за работното место под точка 1 утврдени со актот за систематизација се:

- ниво на стручни квалификации V А или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование;

- работно искуство- најмалку три години работно искуство во струката;
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски);
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Посебни услови предвидени за работното место под точка 2 утврдени со актот за систематизација се:
- ниво најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VI/Б степен: научно – истражувачки подрачја: земјоделски и ветеринарни науки, научно- истражувачки полиња: ветеринарни науки;
- работно искуство- најмалку три години работно искуство во струката.

Посебни услови предвидени за работното место под точка 3 утврдени со актот за систематизација се:
- ниво на класификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно стручно образование: ветерина;
- работно искуство- со или без работно искуство во струката.

Посебни услови предвидени за работното место под точка 4 утврдени со актот за систематизација се:
- ниво на квалификации: основно образование;
- работно искуство- со или без работно искуство во струката.

Посебни услови предвидени за работното место под точка 5 утврдени со актот за систематизација се:
- ниво на класификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование;
- работно искуство- со или без работно искуство во струката;
- Возачка дозвола Б-категорија.

Посебни услови предвидени за работното место под точка 6 утврдени со актот за систематизација се:
- ниво на квалификации: основно образование;
- работно искуство- најмалку една година работно искуство во струката.

**Посебни услови предвидени за работното место под точка 7 утврдени со актот за систематизација се:**

- ниво на стручни квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО, односно најмалку средно образование;
- работно искуство-со или без работно искуство.
- Лиценца за обезбедување на имот и лице

**Посебни услови предвидени за работното место под точка 8 утврдени со актот за систематизација се:**
- ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен:Високо образование;
- работно искуство- со или без работно искуство во струката;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски);
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

**Распоред на работно време за работните места под реден број 1, 2, 3, 4, 5, 6, и 8:**
- **работни денови понеделник-петок**
- **работни часови неделно 40**
- **работно време од 07:00 до 15:00 часот.**

**Распоред на работно време за работното место под реден број 7:**
- **Работното време за наведеното работно место е организирано во смени**

- **работни часови неделно 40**

Паричен нето износ на плата за работното место под точка 1 изнесува: 29,052,00 денари.

Паричен нето износ на плата за работните места под точка 2 изнесува: 50.521 ,00 денари.

Паричен нето износ на плата за работните места под точка 3 изнесува: 38,603,00 денари.

Паричен нето износ на плата за работните места под точка 4 изнесува: **31,393,00** денари.

Паричен нето износ на плата за работните места под точка 5 изнесува: 36,573,00 денари.

Паричен нето износ на плата за работните места под точка 6 изнесува: 34.533,00 денари.

Паричен нето износ на плата за работните места под точка 7 изнесува: 28,101,00 денари.

Паричен нето износ на плата за работните места под точка 8 изнесува: 31.573,00 денари.

**Рокот за пријава:** рок за доставување на пријава за вработување е 15 (петнаесет) дена сметано од денот на објавување во дневните весници.

Секој заинтересиран кандидат потребно е да достави Пријава и документи во оригинал или заверени на нотар како доказ за исполнување на горенаведените услови.

Постапка за селекција за вработување во претпријатието се состои од две фази и тоа:
Фаза1:-селекција која опфаќа проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во јавниот оглас и проверка на приложените докази во пријавата;
Фаза2:-Интервју

Ненавремената, нецелосната и неуредната документација нема да биде предмет на разгледување од страна на комисијата за селекција на кандидати.

Пријавата со целокупната потребна документација, да се достават до архива на ЗЈП СТАЦИОНАР -ШЕПА Кавадарци или по пошта до ЗЈП СТАЦИОНАР -ШЕПА Кавадарци, ул. "Смаилица" бр. 71 –Кавадарци , со назнака "за јавен оглас за вработување на определено време во ЗЈП СТАЦИОНАР -ШЕПА Кавадарци ".

ЗЈП СТАЦИОНАР -ШЕПА Кавадарци
ВД Директор
Снежана Гичева